
Известување за лажен профил на Инстаграм

Ве известуваме дека на инстаграм се појави лажен профил кој се претставува како НЛБ Фондови и испраќа пораки со покани за приклучување во WhatsApp група за инвестирање.

Ве информираме дека овој профил не е поврзан со НЛБ Фондови и не е овластен да комуницира во наше име.

Ве повикуваме на претпазливост и препорачуваме да не отворате сомнителни линкови, да не споделувате лични или финансиски податоци и да го пријавите профилот доколку добиете ваква порака.

За точни и проверени информации за нашите услуги, користете ги исклучиво официјалните канали за комуникација на НЛБ Фондови.
Ви благодариме за довербата и разбирањето.



Со почит,
НЛБ Фондови АД Скопје